**Мојот свет : Визија за Феминизмот во 21-от век**

**Конкурс за избор на фотографија**
**Критериуми и правила за учество**

## 1. Критериуми за учесниците :

-Жени/девојки
-возраст од 15-40 години
-жителки на земја-членка на ЕУ или на земја кандидат за членство

## 2. Критериуми на оценување

Сите валидни пристигнати апликации ќе бидат оценувани од комисија на база на следниве критериуми;
-креативност;
-оригиналност
-композиција/состав
-техничка вештина
-кратка интерпретација на фотографијата
-родова сензитивност
-способност со фотографијата да се подигне свеста за правата на жените во Европа

## 3. Правила за учество

1. Тема на Конкурсот и изложбата за избор на фотографија на годината 2010 организарана од страна на Европското женско лоби е ; ‘’Мојот свет- Визија за Феминизмот во 21-от век”. Темата е отворена за индивидиална интерпретација, но јасен опис од страна на фотографот мора да биде вклучен на секоја доставена фотографија.
2. Фотографиите можат да бидат дигитално зголемени/подобрени и да може да се ракува со нив. Можат да содржат и текст.
3. За да учествува, секој учесник мора да ги достави своите податоци, име и презиме, земја на престој, доставена фотографија (во прилог) и краток и јасен опис на фотографијата (не повеќе од 1000 карактери-зборови) на еден од официјалните јазици во ЕУ и да се достави на ewl@womenlobby.org; . Во тема на пораката треба да стои ‘’за учество на конкурсот за избор на фотографија”.
4. Доколку имате прашања во врска со конкурсот , контактирајте на

следниот е-маил ; barrington@womenlobby.org

5. Од страна на еден учесник дозволено е учество со максимален број на фотографии 3 (три).
6. Крајниот рок е 12.00 часот, среда 30 јуни 2010. Сите фотографии пристигнати по тој термин нема да бидат земени предвид.
7. Како автор на одделна фотографија , авторските права се ваши.
8. Со доставувањето на фотографија за конкурсот, вие му давате дозвола на Европското женско лоби да ;
   а. вашата фотографија биде изложена на веб страните на ЕЖЛ и членките на ЕЖЛ и и давате право на ЕЖЛ секаде каде е потребно за целите на конкурсот вашата фотографија да биде објавена во електронски формат и хард копија.
   б. давате право вашето име да биде да биде користено со цел на ваше идентификување како автор на фотографијата и /или како евентуален победник на конкурсот

9. Доставената фотографија мора да биде ваше сопствено дело, не смее да биде копија, не смее да содржи материјали од друго лице и/или содржина за која немате дозвола да биде објавена и користена и не смее да биде непристојна, злоупотребувана или во спротивност со законската легислатива.

10. Морате да бидете сигурни дека било која личност или личности чии слики се користени во конкурсот имаат дадено дозвола за нивно користење или пак се одрекле од правата кои ги имаат за доставените фогографии. Ако личноста на фотографиите е под 16 години, потребно е дозвола од родителите или старателите на личноста.

11. Ќе бидат селектирани 40 фоторафии кои ќе влезат во потесниот круг на избор и ќе бидат објавени на веб страната на ЕЖЛ www.womenlobby.org. пред 31 август 2010. Кандидатите кои ќе влезат во уште потесен круг на избор ќе бидат известени по електронска пошта и ќе треба да испратат копија од нивната фотографија на ЦД до Секретаријатот на ЕЖЛ во Брисел во рок од 15 дена. Остантите кои нема да влезат во потесниот избор нема да бидат контактирани.

12. Комисија од членови ќе направи селекција на 20 фотографии во најтесен избор кои ќе бидат изложени на изложба во Брисел на 15.10.2010год.

13. Изложувањето на фотографиите влезени во најтесниот избор може да биде на различни локации низ Европа во текот на 2010-2011.

14. 20-те фотографии во финалето ќе бидат објавени во брошура која ќе биде дистрибуирана низ европските и националните партнери на ЕЖЛ како и членките на ЕЖЛ. Публикацијата ќе биде достапна и во дигитален формат и објавена на страната на ЕЖЛ и партнерските организации и членките.

15. Комисијата ќе одбере 1 победничка фотографија, која ќе биде објавена на насловната страна на брошурата.

16. Одлуката од страна на комисијата ќе биде донесена на или пред

01.10.2010. Одлуката ќе биде конечна и нема да бидат разгледувани приговори.
17. Фотографите-финалисти ќе бидат известени од страна на ЕЖЛ по електронска пошта на или пред 04.10.2010. Деталите за финалистите и победникот ќе бидат достапни на www.womenlobby.org
18. Секој од финалистите ќе добие покана по пошта за отворањето на изложбата на 15 октомври 2010 во Брисел и 3 копии од брошурата

19. Понатамошни награди се очекуваат, но зависат од спонзорствата на надворешните ресурси на ЕЖЛ. Ве молиме отворајте ја веб страната на ЕЖЛ редовно за да се информирате за наградите.
20. Целосни детаљи за процесот на оценување и избор на фотографиите и составот на комисијата можат да бидат добиени по доставено барање на е-маил; barrington@womenlobby.org
21. ЕЖЛ не ја прифаќа одговорноста за каква и да било настаната штета , губиток, повреда иили разочарување настанато или предизвикано како резултат на учеството во конкурсот
22. ЕЖЛ го задржува правото во секое време и одвреме навреме да го модификува или прекине, временски или перманентно овој конкурс со или без претходна најава поради одредени причини надвор од нејзина контрола. Одлуката на ЕЖЛ по однос на сите прашања е конечна.